ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на Претседавач на Собранието**
**на акционери**

**Чл.1**

За Претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Јованка Панева.

**Чл.2**

Мандатот на избраниот Претседавач трае до изборот на нов Претседавач.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на бројач на гласови**
**на Собранието на акционери**

**Чл.1**

За бројач на гласови на Собранието на акционери се избира лицето Виданка Лазова.

**Чл.2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на комисија за спроведување на тајно гласање**

**Чл.1**

За спроведување на тајно гласање се избира комисија во состав:

1. Лидија Арсовска-Претседател
2. Ѓорги Нешов-член
3. Драгољуб Николов-член

**Чл.2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Во согласност со член 383 и член 384 од Законот за трговски друштва и Чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за одобрување и усвојување на годишната сметка, финанските извештаи и годишниот извештај за работење за 2024 година

**Чл.1**

Се одобрува и усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за 2024 година со остварен финансиски резултат од работењето:

| | |
|---|---|
| 1) Вкупен приход | 963.663.640,00 ден. |
| 2) Вкупен расход | 901.897.978,00 ден. |
| 3) Добивка пред оданочување | 61.765.662,00 ден. |
| 4) Нето добивка | 55.503.905,00 ден |

**Чл.2**

Извештаите се составен дел на оваа Одлука.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Во согласност со член 383 и член 384 од Законот за трговски друштва и Чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Чл.1**

Се усвојува Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година во БИМ АД Свети Николе, изготвен од ПКФ ЕФП ДОО Скопје.

**Чл.2**

Извештајот е составен дел на оваа Одлука.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Годишното собрание на БИМ АД Свети Николе одржано на 21.05.2025 година на предлог на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе за распределба на добивката по годишната сметка за 2024 година, а врз основа на член 383 и член 483 од Законот за трговски друштва и член 78 од Статутот на Друштвото, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распоредување на добивка според Годишната сметка**
**на БИМ АД Свети Николе од 2024 година**

Чл.1

Остварена добивка од редовното работење на БИМ АД Свети Николе по Годишната сметка за 2024 година се распоредува и тоа:

1. Дел за дивиденда и данок на личен доход 21.471.109,00 денари
2. Дел за инвестиции 14.000.000,00 денари
3. За успешно водење на Друштвото на Извршниот член на Одбор на директори од добивката се издвојува износ од 190.854,00 денари со данок на личен доход
4. Нераспределена добивка 19.841.942,00 денари

Чл.2

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговски друштва и член 81 од Статутот на Друштвото, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2024 год.**
**(дивиденден календар )**

Чл.1

Согласно одлуката за распоредување на нето добивка остварена по годишната сметка за 2024 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2024 година во висина од 2.000,00 денари нето, односно 2.222,222 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Чл.2

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 09.06.2025 година.

Чл.3

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 10.06.2025 година.

Чл.4

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 11.06.2025 година.

Чл.5

Исплатата на дивиденда за 2024 година ќе започне од 12.06.2025 година.

За исплата на дивидендата акционерите ќе бидат известени преку официјалната веб страна на Друштвото www.bim.com.mk.

Чл.6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 и член 384 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Чл.1**

Се прифаќа Извештајот за работата на Одборот на директори за деловната 2024 година.

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори Стојанче Стојанов, Слободан Ивановски, Игор Стојанов, Тане Бошев и Васка Костовска.

**Чл.2**

Извештајот е составен дел на оваа Одлука.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 333 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

**Чл.1**

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на БИМ АД Свети Николе (заедно со акциите што друштвото ги има стекнато претходно), по најниска цена од 6.000,00 ден. односно највисока цена до 60.000,00 ден. за една акција.

**Чл.2**

Окупот на акциите ќе се изврши во време кое што не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.

Откупот на сопствените акции ќе се врши на Македонска берза на хартии од вредност преку овластена брокерска куќа.

**Чл.3**

За купувањето на акциите според член 1 од оваа Одлука ќе се издвојат средства од акумулираната добивка.

**Чл.4**

Се овластува Одборот на директори да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза на хартии од вредност.

**Чл.5**

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно.

**Чл.6**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп бр. 02-215/10 од 20.05.2024 година.

**Чл.7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Чл.1

Неискористените средства за инвестиции во 2024 година од добивката од 2023 година во износ од 6.338.623,00 денари да се вратат во акумулираната добивка за 2023 година.

Чл.2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

**П Р Е Д Л О Г**

Во согласност со член 383 од Законот за трговски друштва и Чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Чл.1**

Друштво за ревизија ПКФ ЕФП ДОО Скопје се назначува за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на БИМ АД Свети Николе за 2025 година.

**Чл.2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св.Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Во согласност со член 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл. весник на РМ бр.48/2010), Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за усвојување на годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година

**Чл.1**

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година на БИМ АД Свети Николе.

**Чл.2**

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година на БИМ АД Свети Николе е составен дел на оваа Одлука.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Во согласност со Чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Чл.1**

Се усвојува Програмата за работа за 2025година.

**Чл.2**

Програмата за работа е составен дел на оваа Одлука.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРЕДЛОГ**

Во согласност со член 367 и член 383 ст.1 т.3 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за престанување на мандат и избор на нови членови**
**на Одбор на директори**

**Чл.1**

На членовите на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе во состав:

- Стојанче Стојанов, неизвршен член-претседател
- Слободан Ивановски, извршен член
- Игор Стојанов, неизвршен член
- Васка Костовска, неизвршен член
- Тане Бошев, неизвршен- независен член

им престанува мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани.

**Чл.2**

Податоците од кандидатите за нови членови на Одборот на директори да се објават на огласната табла на друштвото или на web страната на друштвото.

Да се изберат новите членови на Одборот на директори на денот на одржување на Собранието со тајно гласање за период од 4 (четири) години сметано од денот на стапување на оваа одлука во сила.

**Чл.3**

Да се изврши упис на избраните членови на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе во трговскиот регистар при Централен регистар на Република Северна Македонија.

**Чл.4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 365 ставови (1) и (6) од Законот за трговски друштва, а во согласност со чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за висината на месечната награда и други права на Претседателот на Одбор на директори**

**Чл.1**

На Претседателот на Одборот на директори му се определува месечен паушал во нето износ од 44.850,00 денари, за извршувањето на доверената функција, вклучително и за дополнително доверените работи во областа на развојот, технолошки усовршувања, техничка стручна помош и сл.

**Чл.2**

Покрај правото од членот 1 на оваа одлука, Претседателот на Одбор на директори има право на надомест на сите други трошоци (патни трошоци за сопствен и јавен превоз во висина определена со закон и/или актите на друштвото), право на премиум осигурување на живот и на друг вид на осигурување, право на годишен здравствен преглед во врвна здравствена установа, како и други права што се поврзани со вршење на неговата функција (користење на работни простории, потребни средства за работа, користење на бизнис картичка, користење службен и мобилен телефон, трошоци за патувања во земјата и странство, патничко осигурување и др.)

**Чл.3**

Средствата што се исплатуваат на Претседателот на Одборот на директори врз основа на оваа одлука се трошоци на работење на друштвото.

**Чл.4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва и член 20 од Статутот на Друштвото, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за висината на месечната награда на**
**Неизвршниот-независен член на Одбор на директори**

**Чл.1**

Неизвршниот-независен член на Одборот на директори за своите активности и учество во работата на Одборот на директори ќе добива месечен нето износ од 30.000,00 денари.

**Чл.2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва и чл.20 од Статутот на Друштвото, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за висината на месечната награда на**
**останатите неизвршни членови на Одбор на директори**

**Чл.1**

Останатите неизвршни членови на Одборот на директори за своите активности и учество во работата на Одборот на директори ќе добиваат месечен нето износ од 10.350,00 денари.

**Чл.2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе

БИМ
Свети Николе
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРЕДЛОГ**

Во согласност со чл.383, чл.418 ст.3 и Чл.419 од Законот за трговски друштва, чл.10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл. Весник 42/10) и чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе (Пречистен текст), на Собранието на акционери одржано на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за измена на статутот

**Член 1**

Се врши измена на Статутот на друштвото Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали БИМ АД Свети Николе.

**Член 2**

Се менува член 1 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.1

Со донесувањето на Одлуката за усвојување на пречистениот текст на Статутот на Акционерското друштво Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали БИМ АД Свети Николе, ги усогласува одредбите на овој Статут со Законот за трговски друштва и со тоа продолжува да работи на начин и под услови под кое е запишано во трговскиот регистар.

**Член 3**

Се менува член 16 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.16

Одлуката за зголемување и намалување на основната главнина ја донесува Собранието на друштвото со 2/3 од гласовите од основната главнина претставена на Собранието на Друштвото при донесување на одлуката.

Зголемувањето на основна главнина на друштвото може да се врши:

1) со влогови;

2) со условно зголемување на основната главнина;

3) со одобрен капитал и

4) од средствата на друштвото.

Останатите одредби за зголемување и намалување на основната главнина ќе се применуваат од Законот за трговски друштва и неговите измени и дополнувања.

**Член 4**

Се менува член 24 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.24

Собранието може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување на јавен повик до акционерите.

Собранието се свикува со праќање покана до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието кое што се свикува.

Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.

Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник.

Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

Органот на управување го определува денот (датумот на евиденција) којшто ќе го користи за испраќање покани според изводот од акционерската книга, којшто не може да биде подолг од три дена.

**Член 5**

Се менува член 33 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 33

Гласањето на Собранието е јавно, освен за избори на членови на орган на управување на друштвото, или за отповикување на членовите на овој орган гласањето е тајно. За броењето на гласањето собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

По барањето на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

**Член 6**

Се менува член 39 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 39

Собранието ги избира членовите на одборот на директори со тајно гласање, со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот ореден за работа на Собранието.

Мандатот на членовите на одборот на директори трае 4 години.

Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори односно негов член и пред истекот на времето за коешто биле избрани без посебно образложение. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

**Член 7**

Се менува член 41 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.41

Од редот на неизвршните членови, Одборот на директори избира претседател.

Претседателот се избира со јавно гласање со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на Одборот на директори.

Претседателот на одборот на директори ја свикува седницата и со неа претседава.

Седницата се свикува со писмена покана или на друг начин определен со Деловникот за работа на Одборот на директори.

Седницата се свикува по потреба или ако тоа го бара извршниот член на одборот на директори или еден неизвршен член.

Ако претседателот од било кои причини не е во можност да ја врши функцијата-претседател или ако е отсутен од состаноците претседава друг неизвршен член избран со мнозинство гласови на присутни членови.

**Член 8**

Се менува член 42 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 42

Одборот на директори, во рамките на овластувањата определни со Законот и Статутот и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието, управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности во име на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на Одборот на директори. Одборот на директори работи и одлучува на начин утврден со овој Статут.

Во остварувањето на надлежностите Одборот на директори ги врши следниве работи:

– ја утврдува деловната политика;

– ги донесува општите акти на друштвото освен актите што ги донесува Собранието;

– на барање на Собранието ги подготвува општите акти и одлуките чие што донесување е во надлежност на Собранието;

– ги подготвува договорите кои можат да се склучат само со согласност на Собранието

– ги утврдува предлог плановите и програмите за работа;

– ги утврдува предлозите на Собранието по кои Собранието решава и одлучува;

– ја утврдува внатрешната организација на друштвото, одлучува за организационите промени во друштвото и го утврдува бројот на лицата потребни за вршење на дејноста на друштвото, како и нивните квалификации и други услови и го донесува општиот акт-систематизацијата;

– ги разгледува и извршува одлуките кои што Собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност;

– одлучува за набавка, продажба, отуѓување и отпис на основните средства, над вредноста до која одлучува Генералниот директор;

– донесува одлука за вредноста до која Генералниот директор може да врши набавка, продажба и отуѓување на основни средства, како и отпис на побарувања и основни средства

– донесува одлуки за давање, односно земање кредит во врска со остварување на планот;

– донесува правилник и одлучува по прашања од областа на заштитата (ХТЗ, противпожарна заштита и др.);

– одлучува за изградба на инвестициони објекти и други инвестициони вложувања и инвестициони одржувања;

– донесува одлука за вредноста до која Генералниот директор одлучува за изградба на инвестициони објекти и други инвестициони вложувања и инвестициони одржувања;

– склучува колективен договор со Синдикатот;

– ја определува платата на раководните лица и останатите работници;

– како второстепен орган одлучува по приговорите за заштита на правата на работниците;

– формира помошни органи (Одбори, комисии, и други тела)

– одлучува за службени патувања во странство освен за европските земји за кои одлука донесува Генералниот директор;

– ги разгледува извештаите за извршување на планот и остварување на деловните резултати и во врска со тоа превзема соодветни мерки;

– одлучува за предлози и барања на Синдикатот;

– се грижи за превземање на потребни дејствија за исполнување на со Закон пропишани обврски на Друштвото;

– одлучува за економски, технолошки, и организационен вишок на работниците доколку со Закон не е поинаку определено;

– одлучува за отпис на побарувањата и обврските над вредноста до која одлучува Генералниот директор;

– одлучува за купување и отуѓување на недвижности и трајни обртни средства на друштвото;

– одлучува за давање на прокура;

– формира пописни комисии и го разгледува и усвојува годишниот извештај за извршенипт попис-пописен елаборат и одлучува за евентуални искажани кусоци и вишоци по пописот и за начинот за покривање на истите, односно превземање на мерки спрема одделни одговорни работници;

– донесува Деловник за работа на Одборот на директори на состанок со мнозинство гласови од потребниот кворум за работа;

– донесува одлука за награда и исплата на бонуси на раководните лица

– донесува одлука за определување на висината на наградниот фонд за наградување на работници кое го врши Генералниот директор

– врши и други работи кои со закон е определен да ги врши

– врши и други работи кои што со закон ги има спрема Собранието и што се во рамките на неговите надлежности.

**Член 9**

Се менува член 45 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 45

Членовите на Одбор на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок може да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

Начинот и условите за одржување на состанок со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, се уредува со Деловникот за работа.

Учеството на состанокот се запишува во записникот на одборот на директори, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот, организиран на начин од став 1 на овој член.

Одборот на директори може да одлучува и без одржување на состанок ако сите членови на одборот на директори дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување на состанок.

За донесените одлуки без одржување на состанок се води записник.

Начинот и условите за одлучување без одржување на состанок се уредува со Деловникот за работа.

**Член 10**

Се менува член 53 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.53

Правата и обврските на неизвршните членови се утврдуваат со одлука на Собранието.

Со престанокот на функцијата на неизвршен член на одборот на директори по било кој основ, на неизвршниот член на одборот на директори му престануваат сите права и обврски од членувањето во одборот на директори.

Поранешниот неизвршен член на одборот на директори нема право на било каков паричен надомест ниту право на надомест на било каква материјална или нематеријална штета поради престанокот на функцијата на неизвршен член.

**Член 11**

Се менува член 58 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.58

Генералниот директор го води работењето на друштвото и има најшироки овластувања да ги врши сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од името на друштвото.

Генералниот директор ги има следниве надлежности:

– ја предлага и води деловната политика;

– го застапува друштвото во односите со трети лица во рамките на своите надлежности;

– ги води работите во друштвото во рамките на своите надлежности и е одговорен за работењето во друштвото;

– ги предлага плановите и програмите на друштвото;

– ги извршува одлуките на Одборот на директори;

– ги назначува и разрешува раководните лица во друштвото и одлучува за нивната одговорност според утврдената внатрешна организација на друштвото;

– одлучува за прием, распоредување и престанок на работен однос на работници во друштвото, во согласност со Законот и општите акти, како и за престанок на работен однос со отказ во согласност со Законот и општите акти;

– одлучува по барање на работниците за користење на платено и неплатено отсуство;

– одлучува за материјалната и друга одговорност на работниците во согласност со Законот и опшите акти;

– дава упатства и налози на работниците во врска со работата;

– го организира пописот на основните средства, залихите и целокупниот имот на друштвото;

– на Одборот на директори му поднесува извештај за својата работа на секои три месеци, поднесува нацрт годишна пресметка и нацрт годишен извештај за работење на друштвото;

– склучува договор за работа со работниците и раководните лица

– одлучува за набавка на инвентар и други набавки во висина определена со одлука на одборот на директори.

– одлучува за набавка, продажба, отуѓување и отпис на основни средства во висина определена со одлука на одборот на директори.

– одлучува за службени патувања во европските земји

– раководи со спроведување, подготовки за и изработка на планот за воени и вонредни околности

– формира помошни органи (одбори, комисии, и други тела) за решавање на одредени прашања во текот на работењето

– одлучува и по други прашања во врска со работниот однос на работниците вработени во друштвото согласно Законот, Колективниот договор и други акти на друштвото

– одлучува за конкретна употреба на средствата за презентација, реклама и пропаганда, определени со одлука на Одборот на директори

– одлучува за распределба на средствата од Фондот за наградување на работници по предлог од раководните лица

– одлучува и за други прашања утврдени со Закон, овој Статут и други акти на друштвото и кои ќе му ги довери Одборот на директори.

**Член 12**

Се менува член 67 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.67

Раководните лица во друштвото ги назначува Генералниот директор согласно Актот за систематизација на работните места.

**Член 13**

Се менува член 68 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл.68

Раководните лица за времето за кое се назначени, правата од работниот однос ги остваруваат како секој друг работник согласно Законот за работни односи, Колективните

договори и други прописи од работниот однос, освен доколку со органот на управување немаат склучено договор за уредување на односите меѓу друштвото и раководниот работник, во кој случај им мируваат правата и обврските од работниот однос.

Договорот за уредување на односите меѓу друштвото и раководниот работник од името на органот на управување го потпишува Претседателот на одборот на директори.

**Член 14**

Се менува член 69 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 69

Раководните лица можат да бидат разрешени од следните причини:

- По сопствено барање
- Доколку неосновано и неаргументирано одбива да ги изврши одлуките на органот на управување
- Доколку органите на управување утврдат дека е одговорен за неостварување на деловните резултати
- Кога ќе настанат условите со кои по сила на закон му престанува работниот однос во друштвото
- Доколку покажува незадоволителни резултати во работењето по оцена на Генералниот директор

По разрешувањето на раководното лице истото има право да биде распределено на работно место кое одговара на неговата стручна квалификација.

**Член 15**

Се брише член 74 од Статутот на друштвото.

**Член 16**

Се менува член 94 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 94

Статутот се менува со одлука за измена на Статутот.

Постапка за измена на Статутот можат да покренат Одборот на директори и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до Одборот на директори.

Предлог одлука за измена на Статутот во која што се наведени предложените измени без разлика на тоа кој ја дал иницијативата ја уврдува Одборот на директори.

Утврдената -предлог одлука за измена на Статутот мора да биде образложена.

Одлуката за измена на Статутот ја донесува Собранието.

Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас.

Собранието со одлуката за измена на Статутот го овластува Одборот на директори да подготви пречистен текст на Статутот во којшто се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на Статутот како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на Статутот утврдена со Закон.

**Член 17**

Се менува член 98 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Чл. 98

Измената на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на Статутот.

Со влегување во сила на одлуката за измена на Статутот престанува да важи Статутот бр.01-179 од 11.09.2023 година.

**Член 18**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 19**

Се задолжува Одборот на директори да изготви пречистен текст на Статутот во кој што ќе се внесат измените извршени со оваа Одлука.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од донесувањето на последниот Статут на БИМ АД Свети Николе се извршија повеќе измени и дополнувања на Законот за трговските друштва со кои одредени прашања од работењето на трговските друштва се уредија на поинаков начин отколку што тоа беше претходно.

Заради усогласување на одредбите од Статутот на БИМ АД Свети Николе со новите измени и дополнувања на Законот за трговските друштва се наметна потребата за измена на статутот во насока на усогласување со новите законски решенија.

Со овие измени и дополнувања на Статутот на БИМ АД Свети Николе се врши усогласувања на статутот со новите законски решенија и се овозможува БИМ АД Свети Николе во иднина да продолжи да функционира во склад со новите пазарни услови

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на Чл.20 од Статутот на Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали БИМ АД Свети Николе, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за определување на овластено лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар

### Чл.1

За лице овластено за поднесување на пријава за упис во Централен регистар се определува Адвокат Гоце Тасков од Свети Николе, со седиште на Ул. Вера Циривири бр.1, Свети Николе.

### Чл.2

Доколку лицето наведено во чл.1 од оваа одлука биде спречено од било кои причини, се пвластува Генералниот директор да ополномошти друго лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар.

### Чл.3

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ АД Св. Николе